ПРОГРАМА ЗА ПОСЕТИТЕЛИ ЗА ПАРКОТ НА ПРИРОДА ЕЗЕРАНИ И СПОМЕНИКОТ НА ПРИРОДА ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО



СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ..... 3

ВОВЕД..... 4

ТУРИЗАМ И ПОСЕТИТЕЛИ ВО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА..... 5

ПРЕСПА..... 10

ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА..... 13

ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО – Споменик на природа..... 13

ЕЗЕРАНИ – Парк на природа..... 14

НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА..... 15

НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР..... 17

ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА..... 19

Придобивки за животната средина..... 21

Економски придобивки..... 21

Социјални придобивки..... 22

Придобивки за локалната заедница..... 22

УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И ВЛИЈАНИЕТО ОД ТУРИЗМОТ..... 24

10 Принципи на туризмот во заштитените подрачја..... 24

Негативни влијанија од туризмот во заштитени подрачја..... 27

Сигурност и безбедност..... 29

Прилагодување на управувањето во заштитените подрачја со цел воспоставување на одржлив туризам..... 30

Мониторинг..... 31

ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ..... 33

ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЦИИ..... 33

ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЛОКАЦИИ..... 51

УПРАВУВАЊЕ СО ЛОКАЦИИ..... 52

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИЗМОТ ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА..... 53

ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА..... 55

РЕЗИМЕ

Управување со дестинацијата е координирано управување со сите елементи што ја сочинуваат дестинацијата, вклучувајќи ги атракциите, удобностите, пристапот, природните вредности, промоцијата и цените.

Оваа Програма има за цел да воспостави одржлив пристап за подобрување на управувањето со дестинацијата Парк на природа Езерани и Споменик на природа Преспанско езеро на начинот на кој посетителите ги уживаат природни вредности. Програмата ги утврдува краткорочните и среднорочните активности, приоритети и мерки за да осигура дека уживањето во Паркот на природа Езерани и Спомениkот на природа Преспанско езеро од страна на постојните и новите посетители може да се реализира заедно со зачувувањето на природните вредности, потребите на локалните заедници и економските активности.

Иако Паркот на природа Езерани и Преспанското езеро кое е Споменик на природата се посебни заштитени подрачја, тие претставуваат една неделива природна целина и Програмата за посетители предвидува интегрална понуда за посетителите но и инегрален план за управување на посетителите

Недостаток на податоци за бројот на посетители и нивното влијание врз состојбата на животната средина значи дека во моментов не може да се направи детална просторна слика за влијанијата на посетителите, но ги предвидува можните влијанија и мерки за ублажување на ефектите врз природата.

Многу луѓе веруваат дека мирот и спокојството на најпопуларните кревки пејсажи на заштитените подрачја се погодени од високиот број посетители во летниот период за време на одморите, викендите и празниците. Дополнително, други негативни влијанија што се идентификувани од страна на засегнатите страни, вклучуваат: застој во сообраќајот, паркирање на сообраќајници, блокирање или паркирање на места за пешачење, возење и паркирање на зелени површини, оставање на ќеси со отпад и девастација на природни живеалишта со цел овозможување поголем простор за плажи или пливање.

Позитивна страна во развојот на туризмот и управувањето со посетителите е фактот што сопствениците на куќи и имот во селата ги согледале можностите за економски придобивки и започнуваат да нудат конструктивни понуди за туристите со посебна понуда за туристите, како и нивно вклучување во целокупното управување со посетители, преку организирање на настани, прошетки, изнајмување на опрема и други содржини. Граѓаните сметаат дека треба да се поддржи туристичкиот сектор, дури и кога тие добиваат мала директна лична корист од туристичката економија.

Согласно истражувањата на терен, постојат неколку популарни локации каде посетителите успешно се управуваат или локации каде има можности да се подобрат условите и понудата за туристите, како и капацитетите на општината за управување со негативните влијанија од туристите и зголемување на понудата со цел подобрување на искуствата на посетителите. Оваа програма за управуање со посетителите има за цел да ги идентификува сите можности и закани и да воспостави одржлив систем на управување со заштитените подрачја.

ВОВЕД

Програмата за посетители има за цел да воспостави долгорочен пристап насочен кон подобрување на одржливоста на уживањето во заштитените подрачја, особено во контекст на туризмот и да ги утврди краткорочните и среднорочните активности што ќе го испорачаат ова. Вклучена е работа со партнери и други заинтересирани страни за да се согласат принципите и приодите што ќе го поддржат управувањето, унапредувањето и толкувањето на посетителите.

Заштитените подрачја се клучна компонента на секоја глобална стратегија за зачувување на природните вредности. Туризмот во заштитените подрачја обезбедува единствен начин на поврзување на посетителите со вредностите на заштитеното подрачје.

Економските придобивки од туризмот во заштитените подрачја се поврзани со убавината на природното наследство, состојбата со пејажите и дивиот свет, автентичните култури, промоцијата и понудата на активности. Туризмот во заштитените подрачја завзема голем дел од глобална туристичка индустрија, чиј обем и влијанија се огромни. Ваквиот висок обем на посетители подразбира одредени потреби за основна инфраструктура и барање за вработување на човечки ресурси, кои ќе влијаат на економијата, општеството, културата и животната средина во поширокаата област на заштитеното подрачје.

Одржливиот туризам директно придонесува кон целите на глобалните и националните договори и стратегии, како што се: Стратешкиот план за биолошката разновидност 2011-2020 година на Конвенцијата за биолошки Разновидност, Целите на одржлив развој на Обединетите нации, и Декларацијата на Мускат за туризам и култура (UNWTO) и УНЕСКО, 2017), како и националните стратегии за биодиверзитет, природа и туризам. Сепак, несоодветен и слабо управувана туристичка дестинација може да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност, пејзажи и ресурсите на заштитените подрачја.

Дефиниции на клучните поими

Локална заедница: Социјална група со која било големина чии членови живеат во или во близина на заштитено подрачје.

Посетител: За заштитените подрачја, посетител е лице кое ја посетува територијата на заштитеното подрачје за рекреативни, едукативни или културни цели.

Турист: Секој посетител чие патување во заштитено подрачје вклучува ноќевање.

Туризам: Активности на посетителите кои патуваат до или престојуваат на територијата на заштитеното подрачје

Одржлив туризам: Туризам во заштитено подрачје, кое целосно ги зема предвид неговите тековни и идни економски, социјални и влијанија врз животната средина, ги адресира потребите на посетителите, индустријата, животната средина и локалните заедници.

Извори: Hornback and Eagles, 1999; UNWTO & UNEP, 2005 г; Spenseli et al., 2017b; UNWTO, 2018 г.

ТУРИЗАМ И ПОСЕТИТЕЛИ ВО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

Како што расте светската популација и се олеснува транспортот, туризмот се повеќе се фокусира на преостанатите природни, културни и морски пејзажи, честопати во рамките на заштитени подрачја.
Туризмот, за разлика од многу важни индустрии, бара убави природни области, здрав животински свет и природа, автентични култури и авантури. Туризмот може да дејствува како главен двигател и причина за заштита и управување со природното наследство.

Програмата за посетители во заштитени подрачја има за цел да им помогне на управувачите со заштитените подрачја и менаџерите да ги дефинираат сите активности кои се дозволени во заштитеното подачје со цел добро управување на туристичката дестинација во насока на заштита на природните вредности.

Важно е да се донесе добра политика при разгледувањето на соодветни видови на туризам и што да се избегне. Во светски рамки, многу менаџери на заштитените подрачја се под притисок да постигнат или понудат повеќе туристички искуства, што понекогаш е спротивно на заштитата на вредностите во заштитеното подрачје и целите на заштита. Од менаџерите на заштитените подрачја се очекува да се обезбедат значајни и едукативни искуства, приход за управување со заштитата, но и да се избегне загрозување на интегритетот на животната средина на заштитените подрачја преку пренатрупаност, неразвиеност или загадување што туризмот понекогаш може да го донесе, истовремено вклучувајќи ја локалната заедница со цел обезбедување на економски придобивки за локалното население. Програмата за управување со посетители има за цел да обезбеди избор на најдобрите тековни практики што ќе им помогнат на менаџерите на заштитените подрачја во планирањето на дозволените туристички активности и дестинации во баланс со природните вредности и нивната заштита.

Управувачите со заштитените подрачја имаат цел да ги зачуваат и промовираат вредностите на заштитените подрачја и да развијат одржливи форми на турзам кој е дефиниран како ***„туризам кој зема целосна сметка на тековните и идните економски, социјални и еколошки влијанија, потребите на посетителите, индустријата, животна средина и локалните заедници“*** (UNWTO & UNEP, 2005).

За туризмот во заштитените подрачја да биде одржлив, тој мора, пред сè и најважно, да придонесе за зачувување на природата на долг рок и да осигура дека заштитата на природните вредности не е загрозена со несоодветно или слабо управување со посетителите.

Имајќи го предвид овој основен принцип, можеме да прецизираме дека одржливиот туризам во заштитените подрачја треба да ги предвиди сите фази од креирање на политиките за посетители до Плановите за управување со заштитените подрачја, земајќи во предвид:

- Заштита на животната средина и / или културните вредности кои привлекуваат туристи со одржување на основните еколошки процеси, естетски и духовни квалитети во насока на зачувување на природното наследство и биодиверзитетот;
- Зачувување и почитување на традицијата на локалното население и локалните заедници, како и нивната социокултурна автентичност, со цел да се зачува нивното

изградено и живо културно наследство, традиционалните вредности и да придонесе за интеркултурно разбирање и толеранција;
- Обезбедување одржливи, долгорочни економски активности, обезбедување на еднакво дистрибуирани социоекономски придобивки за сите луѓе и засегнати страни, вклучувајќи стабилна можност за вработување, можности за заработка и за социјални услуги во заедниците која придонесува за намалување на сиромаштијата;
- Обезбедување соодветни можности за олеснување на високо и квалитетно искуство за посетители што ќе придонесе за зголемено чувство на задоволство во управување со природата и заштитените подрачја.

Сите оние кои се вклучени во развојот и управување со туризмот во заштитените подрачја треба да ги имаат во предвид целите на заштита и одржливо управување со заштитеното подрачје, а во спротивност секоја форма на туризам е неодржлив туризам во заштитено подрачје и треба да се спречи, со цел зачувување на природните вредности во заштитените подрачја.

Одлучувањето за тоа што е одржлив и соодветен туризам во заштитените подрачја, треба да го дефинира управувачот со заштитеното подрачје, заедно со Советот на засегнати страни и Научниот совет кои треба да ги разгледаат сите аспекти, како на пример:

- Дали има заштитеното подрачје ја поседува потребната документација за заштита како Студија за валоризација, План за упраување, Програма за посетители и дали е прогласено во согласност со законите и регулативите?
- Дали сите природни вредности се добро идентификувани и документирани како основа за планирање и следење на влијанијата на туризмот природните вредности?
- Кои се ограничувањата за развој на туризмот во однос на мисијата и целите на заштитеното подрачје?
- Кој вид на инфраструктурата е соодветна и каде треба да се наоѓа (на пр. Сместување, места за одмор)?
- Кое ниво на биофизички влијанија, доколку има, е прифатливо со оглед на мисијата и целите на заштитеното подрачје?
- Кој е сегментот од пазарот на посетители кон кој треба да се насочи промотивната кампања?
- Какви искуства за посетителите може да понуди дестинацијата и кои искуства се несоодветни за заштитените подрачја?
- Кој ги нуди туристичките услуги? Компании, Непрофитни организации или управувачот на заштитеното подрачје?
- Кое ниво на влијанија врз биолошката разновидност и физичкото околината е прифатлива со оглед на мисијата и целите на заштитеното подрачје?
- Какви услуги и ангажмани треба да бидат понудени од околните локални заедници?
- Како можат заедниците во и во непосредна близина на заштитеното подрачје да учествуваат активно во управувањето со туристичката дестинација и како заедницита да имаат корист од развојот на туризмот во заштитеното подрачје? Како ќе се обезбедат средства за генерирање туризам и посетители? ... За конзервација? ... за заедниците?
- Како може да се влијае врз локалните политики во рамките на планирањето на заштитата на природата и секторите за туризам за решавање на проблемите?
- Како управувачот со заштитеното подрачје може да утврди и да планира до прифатливо ниво на влијанија и можности за конкрретна туристичка дестинација?
- Како треба да бидат следени и управувани сите туристички активности во заштитеното подрачје?

Многу од овие прашања треба да се решат пред заштитено подрачје да се стави на располагање за туристичка употреба и одговорите мора да се поврзат со целите на зачувување на заштитеното подрачје. Во Табела 1 се дадени шесте заштитени IUCN категории како ориентацијата за управување со туристичката понуда во секоја од категориите. Овие упатства имаат за цел да им помогнат на планерите и менаџерите да дизајнираат и управуваат со туризмот што е усогласен со целите на заштитените подрачја.

Табела 1. IUCN категории

IUCN категории на заштитени подрачја	**Примарна цел и заштитни вредности**	**Пристап кон туризмот и посетителите**	**Тип на посетители**					
			Индивидуалец	Истражувач	Комерцијална	Туризам и	Духовни, културни корисници	Комеморативни
Ia) Строг природен резерват	Биолошка разновисност и геоморфолошко наследство (еколошлки и научни вредности)	Јавен пристап можен само преку организирана научна или волонтерска програма	√	√			√	
Ib) Подрачје на дивина	Заштита на природниот карактер и состојба на непроменета или малку променета природна средина (дивина и природни вредности)	Мали групи на посетители, во цели на подобро управување Ограничен јавен пристап во однос на големина на групата и активностите Туристичка активност ограничена и регулирана (пр. преку специјална употреба на дозволи)	√	√				
II) Национален Парк	Заштита на екосистемите и големи еколошките процеси (еколошки, рекреативни вредности кои ја вклучуваат заедницата)	Туристичко искуство на посетителите како цел на планот за управување Опсег на можности за рекреација, дефинирани согласно зонирањето и Планот за управување	√	√	√	√	√	√
III) Споменик на природа	Заштита на специфични природни вредности (еколошки, рекреативни вредности кои ја вклучуваат заедницата)	Туристичко искуство на посетителите како цел на планот за управување Можностите за рекреација се дефинирани со цел да се да се олесни заштитата на природните вредности и да се обезбеди подигнување на јавната свест	√	√	√	√	√	√
IV) Парк на	Заштита преку	Рекреативни посети и	√	√	√	√	√	√

природа	интервенции од страна на управувачот (еколошки, рекреативни вредности кои ја вклучуваат заедницата)	комерцијален туризам како цел на планот за управување Низа на можности за рекреација овозможени со придружни објекти и услуги Комерцијален туризам за надгледување на животинскиот свет						
V) Заштитен предел	Заштита на пределен пејсаж (еколошки, рекреативни вредности кои ја вклучуваат заедницата)	Туризмот вообичаено е цел на планот за управување Низа на можности за рекреација овозможени со придружни објекти и услуги Вообичаен комерцијален туризам за	√	√	√	√	√	√
VI) Повеќенаменско подрачје	Одржливо управување со природните екосистеми (еколошки, рекреативни вредности кои ја вклучуваат заедницата)	Рекреативни посети и комерцијален туризам како главна цел на планот за управување Низа на можности за рекреација овозможени со придружни објекти и услуги Вообичаен комерцијален туризам за	√	√	√	√	√	√

Во време кога растот на популацијата и барањата за природни ресурси вршат поголем притисок врз заштитените подрачја, економските придобивки од туризмот базиран на природните вредности на едно заштитено подрачје може да бидат моќен аргумент за зачувување. Туризмот во заштитени подрачја е еден од главните сегменти од глобалната туристичка индустрија чиј обем и влијание се огромни.

Во Табелата 2 се прикажани генералните можности и закани од туризмот за заштитените подрачја

Табела 2

Можности	Предизвици
Градење на широка поддршка за зачувување на природните и културните вредности во заштитените подрачја преку обезбедување на искуства што ги комуницираат многуте вредности на заштитените подрачја.	Заштитените подрачја едноставно стануваат уште еден ресурс да се искористи од страна на индустријата која е повеќе заинтересирана за профит, пристап и обезбедување нови искуства за посетителите и туристите, наспроти зачувување на вредностите во заштитеното подрачје.
Активно придонесување за зачувување на природното наследство преку вклучување на посетители со задачи во управувањето и директни придонеси на финансии (на пр. такси за посетители, такси за концесија, итн.) или друга форма на поддршка во управување.	Интересите за туризам активно го поткопуваат доброто управување преку притисоци за зголемен број на туристи, придобивки или активности што влијаат штетно на заштитата на на природните и културните ведности на заштитеното подрачје.
Политичка поддршка преку подобро финансирање на управувањето со заштитените подрачја преку признавање на важноста на одржливите форми на туризам за локалните и регионалните економии.	Развојот на туризмот во заштитените подрачја води до политичка поддршка за прекумерен развој во или околу заштитеното подрачје.
Подобрување на влијанијата на туризмот преку чувствително планирање на инфраструктурата, санација на предизвиканите штети и техники за намалување на влијанието од посетителите кон природата	Негативни влијанија врз животната средина, како загадување (пр. отпад, емисија на јаглерод), неодржлива употреба на ресурси (пр. вода) и оштетување на чувствителни области (пр. слабо развиена или лошо распоредена инфраструктура).
Директни социјални и финансиски мерки за локалното население кое живее во непосредна близина на заштитените подрачја, како нивни придонес во промоцијата и заштитата на природните вредности на заштитеното подрачје и спречување на негативните влијание од посетителите	Без вклучување на локалното население во управувањето со дестинацијата, локалното население осиромашува и започнува со користење на природните ресурси (пр. криволов, сеча на шуми, камња, песок) за остварување на профит.
Стимулирање на локални економски врски со цел зајакнување на локалната економија во управување со туристичките услуги и синџирот на снабдување во туризмот. (пр. Водичи, храна, пијалоци, транспорт и сл.).	Позитивните економски врски пропаѓаат врз основа на неинформираност, недостаток на можности, пристап до финансии, адекватни политики и постојаност.

За успешно справување со туризмот, менаџерите во управувачкото тело на заштитеното подрачје мора да го разберат поголемиот, меѓународен контекст на туризмот во заштитените подрачја. Еден сеопфатен глобален тренд е меѓународна соработка и координација во зачувување на заштитеното подрачје. Тој тренд е директно изразен преку разновидноста на меѓународни ознаки и иницијативи за заштитени подрачја што се појавени уште од 1970-тите.
Овие иницијативи вклучуваат обврзувачки договори, како што е Конвенцијата за светско наследство Рамсарка конвенција, Конвенцијата за Биолошки разновидност и др. Сите меѓународни ознаки, поставуваат стандарди за зачувување со барања за мониторинг и санација. За да ги постигнат овие меѓународни стандарди, управувачите со заштитените подрачја мора да ги исполнат овие стандарди и исто така да бидат во согласност со национални важечки закони. Сите овие иницијативи се релевантни за туризмот.

ПРЕСПА

Општината Ресен се наоѓа во Преспанската Котлина, во југозападниот дел на Република Македонија и опфаќа површина од 739 км2. Поделена на копно со 562 км2 и вода со 177 км2, претставува посебна просторна целина.

Преспанскиот регион се смета за еколошки ентитет од глобално значење бидејќи тука може да се сретнат разновидни биотопи – езера, планина и шуми кои имаат единствени, уникатни карактеристики. Езерата Мало Преспанско и Големо преспанко езеро се меѓу најстарите езера во Европа, и затоа во нив може да се најдат голем број на ендемски видови. Регионот се смета за значаен резервоар на биодиверзитетот и природната продукција. Преспанската котлина се наоѓа помеѓу двата национални паркови Пелистер и Галичица, односно на нејзина територија се распространети и двата национални паркови. Во Преспанската котлина се наоѓаат и двете езера Малото и Големото Преспанско Езеро.


На северниот дел од езерото сместен е Паркот на природата Езерани на површина 1917 ha од што 1066 ha се копнена површина, додека 851 ha е водна површшина. Односот на копнена и водна површина е релативен бидејќи нивото на Преспанското Езеро значително варира во тек на годината и особено во тек на подолги периоди. Заштитеното подрачје е живеалиште на околу 200 видови на птици од кои 62 видови се ставени на листата на заштитени видови во согласност со Берн Конвенцијата, а три видови се наоѓаат на Европската Црвена листа од светски загрозени видови. Карактеристичен претставник на авифауната во Преспанското Езеро е Пеликанот (Pelecanus crispus). Пеликанот е една од најкрупните птици кои егзистираат на вода, главно во потоплите краишта, а кај нас го има единствено на двете Преспански Езера. Единствената колонија на Големиот Бел пеликан (Pelecanus onocrotalus) во Европската Унија се наоѓа во Преспа. Природна реткост претставува островот Голем Град кој се наоѓа во Големото Преспанско Езеро и зафаќа површина од 1 км2. Островот е обраснат со бујна шумска вегетација, со најголема застапеност на фојата која е ендемичен вид. На островот постоеле 7 цркви, од кои сочувана е само пештерската црква Св. Петар. Островот е археолошки локалитет со остатоци од живеалишта, цркви некрополи од Римската епоха и средновековието, богат резерват на ендемични растенија и како природна реткост, заштитен со Закон и изолиран хабитат со минимално влијание од страна на човекот. Истиот влегува во рамките на Националниот Парк Галичица.

Земјоделското земјиште претставува ресурс, не само за егзистенција на населението од преспанскиот регион кое во најголем дел се занимава со овоштарство и тоа одгледување на јаболка, туку и основа за започнување на специфични видови туризам.

Шумите на просторот на општината Ресен претставуваат природен ресурс кој се одликува со забележително присуство, како во планинските предели, така и на ридските подрачја. Во последните години во преспанскиот регион се забележува зголемување на површините под шуми и шикари, како резултат на намалениот интензитет на експлоатација на шумските површини, што произлегува од деценискиот процес на емиграција на населението и секако, поради организираниот систем на пошумување и природна ревегетација на шумите.

Хидрографските карактеристики на преспанскиот регион имаат посебно значење за населението од овој крај како извор на егзистенција и вработување во повеќе стопански дејности поврзани со овој природен ресурс: туризмот, рибарството, угостителството и др.

Големото Преспанското Езеро зафаќа површина од 284 km², со 54 метри најголема длабочина и надморска височина од 853 метри. Од вкупната површина на езерото, 65% припаѓа на Македонија, 18% на Албанија и 17% на Грција. Малото Преспанско Езеро зафаќа површина од 45,59 km² и е за три метри повисоко од Големото, а се наоѓа на територијата на Грција и мал дел во Албанија. На македонскиот дел од Големото Преспанско Езеро, главни притоки со кои се храни со вода се реките Источка, Преторска, Брајчинска и Голема Река, која поминува низ градот Ресен. Водите на Преспанското Езеро преку понорници истекуваат во Охридското Езеро.



Преспанскиот регион во минатото бил значајна патна и трговска дестинација. Патеписците даваат информација за постоење на угостителски објекти (анови) уште во 17 век. Угостителството во Преспа земало замав после Втората СветскаВојна, но веќе не поради трговски причини, туку од туристички. Се отвораат летните одморалишта Отешево (1946),Царина (1947), Претор (1950), Асамати (1950) и Крани (1975), кои привлекувале голем број на гости, а максимумот бил достигнат во 1980, кога Преспа сместувала околу 10.000 гости дневно.

Во периодот од 1980 до 2010 година два фактори влијаеле на падот на туристичката дејност во Преспанскиот регион. Првиот фактор е намалување на нивото на Преспанското езеро за приближно 8м, што предизвикало повлекување на крајбрежната линија на некои места и за 100м и вториот фактор е затворање на туристичките сместувачки капацитети поради транзициони процеси и затворање на фирми кои се јавувале како сопственици на кампови, бугалови, хотели или одмаралишта.



Моментално во општина Ресен од кои повеќето се на Преспанската ривиера има 400 легла во хотелско сместување и 157 легла во сместувачки капацитети кај физички лица. Најголем број на гости има за време на викендите и празниците кога во еден ден може да има и до 10.000 посетители во преспанскиот регион.

Преспанскиот регион кои лежи на две заштитени подрачја: Езерани и Преспанско езеро, се граничи со два Национални паркови: НП Галичица и НП Пелистер и е дел од трилатералниот Биосферен резерват претставува вистинско светилиште за сите посетители кои сакаат да уживаат во природните вредности на регионот. Овој потенцијал треба да биде искористен преку развој на одржливи форми на туризам, туристичка понуда базирана на природните вредности на подрачјето со кои општина Ресен ќе управува на одржлив начин.


ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

Преспанското Езеро се наоѓа во срцето на најголемото природно наследство во Македонија опколено со Национални паркови и високи природни вредности кои се живеалишта на ретки и ендемични видови од национално, европско и светско значење.

ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО – Споменик на природа

Преспанското Езеро со крајбрежниот појас заради природните убавини, геоморфолошките, хидролошките и хидробиолошките и други научни вредности се прогласува за споменик на природата (Член 1., Закон за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата).

Основните вредности на природните пејсажи, уникатноста и природната убавина на областа, специфичните геолошки, морфолошки, хидролошките и хидробиолошки карактеристики се тие од кои произлегува националното и меѓународно значење на областа во однос на зачувување и заштита на биолошката разновидност, а пред се заштитата на ихтиофауната и орнито фауната.



Од геолошки аспект како темелна вредност се истакнува потеклото и староста на Преспанското Езеро, кое влегува во категоријата на најстарите сочувани тектонски езера во светот. Исто така, неговата специфичност е и геолошката структура која е во главно составена од карбонатни и делумно силикатни карпи, што значително влијае врз хидролошката вредност на езерото. Геоморфолошки ова езеро со своето сливно подрачје е карактеристично поради тоа што е целосно оградено со високи планини, а неговото празнење се одвива преку карстната област на Галичица преку која подземно истекува кон Охридското Езеро. Ваквата специфичност на Преспанското Езеро има дополнителна вредност од хидролошки аспект,бидејќи ова езеро е од големо значење и за режимот на водата во Охридското Езеро, а преку него и за режимот на водата во Црн Дрим кој припаѓа на Јадранскиот слив од којшто пак многу зависат и просторните вредности на западниот дел од државата како и заштитените природни вредности на подрачјето на Р. Македонија. Геоморфологијата на Преспанското езеро дава значајни и хидробиолошки карактеристики бидејќи неговата висинска местоположба и затвореност

воедно се и заштита за многу автохтони видови, многубројни видови на птици кои езерото го користат како трајно живеалиште или како повремено во текот на сезонските миграции.

ЕЗЕРАНИ – Парк на природа

Подрачјето Езерани се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, во областа Преспа, поточно Горна Преспа. Го зафаќа крајбрежјето и најсеверниот дел од Преспанското Езеро.

Паркот на природа Езерани се протега по северниот брег на Преспанското Езеро на надморска височина од 850 до околу 855 m. Границата на Паркот на природата "Езерани", според Законот прогласување на локалитетот "Езерани" на Преспанско Езеро за Парк на природата, започнува кај месноста Прекоп, северозападно од селото Асамати кај котата од 848 m, по што се протега на северозапад по подобар колски пат во должина од околу 500 метри, кого го напушта и потоа се протега на исток по работ на бедемот на стариот рибник во должина од 400 метри а потоа скршнува и води на север и северозапад по работ на стариот рибник сè до котата од 854 m. Тука границата скршнува и се протега на североисток, избива на лош колски пат по кого се движи на север во должина од 750 m по што остро свртува на запад, а потоа се протега на југозапад по работ на коријата до месноста Старо Село до под манастирот Св. Иван. Оттука границата се протега на запад по работ на појасот со трска над месноста Лолици и во тој правец пресекува лош колски пат и избива повторно на лош колски пат по кого води на север во должина од 250 m, по што остро свртува и води на запад по лош колски пат во должина од околу 400 m до тригонометриската точка од 851 m каде што повторно остро свртува и води на југ во должина од околу 300 метри, потоа свртува на запад и се протега низ појасот со трска над заблатената површина кај месноста Солејица, каде што пресекува подобар колски пат што завршува во блатото и продолжува да води на запад, пресекува уште два лоши колски патишта и продолжува да води по работ на мочурливата површина над месноста Солејнца сè до тригонометриската точка од 852 m. Тука границата остро свртува и води на југ према брегот на Преспанско Езеро, при што минува низ котата од 846 m. Во тој правец границата води низ водите на Преспанско Езеро до длабочина од околу 10 m по што свртува на југозапад и се протега низ водите на Преспанско Езеро по линија што означува длабочина од околу 10 m и во североисточен правец избива на брегот на Преспанско Езеро каде што завршува на почетната точка кај месноста Прекоп.

Во рамките на вака одредените граници, резерватот зафаќа површина од 1917 ha од што 1066 ha се копнена површина, додека 851 ha е водна површшина. Односот на копнена и водна површина е релативен бидејќи нивото на Преспанското Езеро значително варира во тек на годината и особено во тек на подолги периоди.



НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА

Националниот парк Галичица е препознатлив по својата богата и ретка природа и неповторлива убавина, во 1958 година е прогласен за национален парк со цел да се зачува растителниот и животинскиот свет и природниот изглед на планината Галичица. Околу 2/3 од Паркот е вклучен во границите на Светското природно и културно наследство на охридскиот регион, впишано на листата на Светско културно и природно наследство на УНЕСКО.


Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на Македонија, на планинскиот масив Галичица, вклучително и делови од нејзините ограноци Исток и Петрино, како и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Планината Галичица е дел од Шарско-Пиндскиот систем на планини. Големите отворени површини кон Охридското и Преспанското Езеро кои ја ограничуваат од исток и запад, придонесуваат во нејзиното јасно визуелно одвојување како засебна целина.

Надморската височина на планинскиот масив Галичица во Македонија се движи од 695 м.н.в. (нивото на Охридското Езеро), односно 850 м.н.в. (нивото на Преспанското Езеро), до 2265 м.н.в. на граничен столб Ф10. Помаркантни коти кои доминираат со релјефот се: Магаро-2254 м.н.в.; Лако Сигној-1984 м.н.в.; Гога-1737 м.н.в. и др.

Основната геолошка подлога на Галичица е од палеозојски метаморфни силикати, прекриени со слој од масивни порозни варовници, дебел 500-550 м. Поради порозноста на масивните варовници постои подземна врска на Преспанското и Охридското Езеро која е научно потврдена. Водите од Преспанското Езеро на западните падини на Галичица извираат на многу крајбрежни и подводни карстни извори. Највпечатливи карстни извори на Охридското Езеро се изворите кај манастирот Св.Наум. Се состојат од 30 подводни и 15 крајбрежни извори, со вкупен капацитет од околу 7,5 метри кубни вода во секунда.

Паркот претставува жариште на биолошката разновидност во регионот, но и пошироко, во глобални рамки. Паркот се издвојува од другите подрачја со слична големина по исклучителното богатсво на живеалишта и видови на релативно мала територија. На површина од приближно 24000 хектари, се среќаваат повеќе од 37 типови живеалишта, 40 растителни заедници, околу 1600 таксони од васкуларни растенија, над 143 видови лихеноидни габи, повеќе од 480 видови габи и преку 3279 таксони од фауната. Во паркот се среќаваат 4 таксони од без ‘рбетните и 13 од ‘рбетниците кои се сметаат за глобално загрозени. Неколку стотини ретки и заштитени видови во паркот се претставени со значајни популации. Некои од нив се среќаваат само во границите на паркот и тоа: 29 таксони алги, 12 видови васкуларни растенија, 68 таксони без‘рбетни и 4 таксони од ‘рбетни животни. Покрај тоа, паркот го населуваат поголем број таксони кои се среќаваат само во Македонија или Балканот и тоа: 46 таксони виши растенија, 89 таксони без‘рбетници и 14 таксони ‘рбетници.

Културно-историскиот регион содржи повеќе слојни вредности. Нив ги сочинуваат пред се географско-амбиенталните својства на Охридското Езеро и планинските венци кои претставуваат граница на заштитениот регион. Користејќи го езерото како основен извор на живот, многу генерации оставиле зад себе синтези на природното, руралното и урбаното. Од големиот број културно-историски споменици на територијата на Паркот позначајни се: манастирот „Св. Наум“, црквата „Св. Богородица Захумска“, археолошките наоѓалишта на островот Голем Град и многу други. Како комплексна целина, паркот заедно со Охридското и Преспанското Езеро, претставува релативно ограничена подрачје со многу богата биолошка разновидност, висок степен на хетерогеност и енедемизам и во таа смисла се смета за навистина многу вреден локалитет во Европа.



НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

Национален парк Пелистер со своето богатство, разновидност и колорит претставува една од најзначајните вредности на биолошката разновидност на планината Баба и го привлекува интересот на истражувачите, посетителите и вљубениците на најстариот и еден од најубавите национални паркови во Република Македонија. Тој е прв прогласен национален парк на територија на Република Македонија, уште во 1947 година.

Националниот Парк Пелистер е лоциран помеѓу Преспанската Котлина и котлината Пелагонија. Се наоѓа во југозападниот дел на земјата, на северната падина на планината Баба. Паркот го добива името по највисокиот врв на планината – врвот Пелистер со надморска височина од 2.601 метар. Инаку, Баба е најјужна планина со алпски карактеристики на Балканот.

Во тектонска смисла, Пелистер претставува хорст, што од туристичка смисла има двојно значење. Тоа е извонреден едукативен пример во геоморфолошка смисла, така што посетителите можат доста да научат. Туристичкото значење се огледа и во тоа што овој типичен хорст претставува доминантен видиковец, од кој се протегаат величествени панорами. Погледот се протега мошне широко и досега до планината Јакупица на север, Селечката Планина и Кајмакчалан на исток и кон Преспанското Езеро, планините Галичица и Јабланица на северозапад. Како на дланка може да се набљудува рамнината Пелагонија и да се ужива во боите од Преспанското Езеро.

Планинската вегетација е несекојдневна и исклучително богата, а растителниот свет е разнообразен. Вредноста на Националниот Парк Пелистер сепак се темели на извонредното и специфичното биогеографско наследство. Во тој контекст разновидноста на растителниот свет е посебно нагласено. За Пелистер се вели дека претставува “природен арборетум”. На оваа планина растат околу 88 дрвенасти растенија, кои се класификувани во 23 фамилии, што претставуваат 29 проценти од вкупната дендрофлора во Република Македонија.

Највпечатливи одлики на фауната во Националниот парк Пелистер се нејзината разновидност и хетерогеност, како и присуството на голем број реликтни и ендемични видови. Ендемичните видови се главно регистрирани кај без'рбетните групи на организми. Од без'рбетните организми, во малото глацијално езеро "Мало Езеро" се среќава една раскошна популација од вилинското ракче Chirocephalus diaphanus carinatus, кое претставува балкански реликтно-ендемичен таксон.

Единствено во големото глацијално езеро "Големо Езеро" живее амфиподното ракче Niphragus pancici peristericus, пелистерски ендемит, досега регистриран само во ова езеро. Во водите на овие две глацијални езера, се среќава харпактикоидното ракче Arcticocampus macedonicus, пелистерски ендемичен вид.

Во изворишните води на Н.П. Пелистер, на надморска височина меѓу 1600 и 2200 м живеат два пелистерски реликтно-ендемични видови на остракоди: (Iliodromus peristericusи Eucypris diebeli) а во планинските потоци и реки на Националниот парк исто така се присутни македонската ендемична плекоптера Nemoura peristeri.

Низ шумскиот и високопланинскиот појас присутни се повеќе пелистерски ендемични видови како што се: пелистерската стоногалка (Brachydesmus peristerensis); тврдокрилните инсекти: (Alpaeus macedonica, Cychrus attenuatus peristericus, Duvaliotes peristericus, Platyduvalius macedonicus, Trechus hajeki), ноќната пеперутка (Hadena clara macedonica) и малите пеперутки: (Scythris crypta и Scythris similis).

Во рамките на Националниот Парк, во горниот тек на реките Сапунџица. Злокуќанска и Ротинска река живее поточната пастрмка (Salmo pelagonicus), која претставува пелистерски ендемичен вид. Од останатите групи 'рбетници, констатирано е присуство на 10 видови водоземци, 15 видови влечуги, 91 видови на птици и 35 видови на цицачи.

Во шумскиот појас од Националниот Парк најкарактеристични претставници на 'рбетници се:

шарен дождовник (Saiamandra salamandra), македонски мрморец (Trituruis carnifex macedonicus), шумска жаба (Rana dalmatina), поточна жаба (Rana graeca), гаталинка (Hyla arharea), ридска желка (Testudo hermanni), ескулапов смок (Elaphe longissima), планински смок (Coronella austriaca), шумска шљука (Scolopax rusticola), лештарка (Bonasa bonasia), буф (Bubo bubo), шумска утка (Strix aluco), ноќна ластовица (Caprimulgus europaeus), црн клукајдрвец (Dryocopus martius), зелен клукајдрвец (Picus viridis), јастреб кокошкар (Accipiter gentilis), скалест орел (Aquilla chrysaetos), еж (Erinaceus concolor), верверица (Sciurus vulgaria), полв лешникар (Muscardinus avellanarius), шумски полв (Dryomys nitedula), обичен полв (Glis glis), зајак (Lepus europaeus), куна белка (Martes foina), јазовец (Meles meles), лисица (Vulpes vulpes), дива мачка (Felis silvestris), балкански рис (Lynx lynx martinoi), волк (Canis lupus), кафеава мечка (Ursus arctos), дива свиња (Sus scrofa), обичен елен (Cervus elaphus), срна (Capreolus capreolus) и балканската дивокоза (Rupicapra rupicapra balcanica).

Од птиците, карактеристични видови за овој појас се: црвеноклуната галка (Pyrrhocorax pyrrhochorax), скалестиот дрозд (Monticola saxatilis), белогушестиот дрозд (Turdus torquatus) и еребицата камењарка (Alectoris graeca).

ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Туризмот во заштитените подрачја може да има најразлични позитивни и негативни влијанија. Видовите влијанија имаат широк опсег и влијаат на ресурсите во заштитеното подрачје, локалните економии, локалните заедници и самите туристи. Главната цел на овој документ е да даде насоки на управувчот со заштитените подрачја Преспанско езеро (Споменик на природа) и Езерани ((Парк на природа) да ги искористи најдобрите практики кои имаат за цел да ги зголемат позитивните влијанијата на туризмот, додека ги минимизираат неговите негативни влијанија.

Најчесто рамнотежа во управувањето со посетители е тешок да се воспостави, доколку нема почетни информации и податоци за тоа кои се најчести дестинации на посетителите, колкав е бојот на посетители, од каде тие доаѓаат и кои се нивните интереси. Како одговор на овие прашања, Управувачот, треба да воспостави Систем за управување со посетители, преку кој ќе може да прави мониторинг на активностите на посетителите но и да добие повратна информација за нивните потреби, забелешки, замерки, коментари, потреби и интереси.

Дополнително, освен воспоставувањето на системот за прибирање на информации од посетителите и туристите со цел подготовка на база на податоци, Управувачот потребно е да спроведе редовен монторинг на заштитеното подрачје со цел утврдување на влијанијата од посетителите и туристите врз локациите од интерест во заштитеното подрачје и влијанието на посетителите врз природните вредности и дивиот свет.

Неизбежно е вклучување на локалните луѓе во мониторингот на заштитеното подрачје со цел нивно вклучување во целокупните процеси на управување со заштитените подрачја, со цел обезбедување на широка покриеност за утврдување на состоибите но и вклучување на локалната заедница во можноста да оствари економски придобивки.

Локалната заедница може да помогне во спречување на негативните влијанија од туризмот врз природните вредности, живеалишта и дивиот свет.

Општина Ресен како управувач со заштитените подрачја Преспанко езеро и Езерани, треба да спроведе обука врз локалното население за вршење на граѓански мониторинг врз природните вредности на заштитените подрачја, а во соработка со полицијата и локалните жители да се дефинираат полињата на соработка и информирање во насока на намалување на негативните влијанија врз заштитените подрачја (пр. Паркирање на места кои се природни живеалишта и уништување на флористичкиот пејсаж или Депонирање на комунален отпад на несоодветни места)

Ефектите и придобивките од туризмот врз заштитените подрачја спаѓаат во три категории: животна средина, економија и социјала/локална заедница. (Терминот „животна средина“ вклучува биофизички влијанија, додека "социјала/локална заедница" ги вклучува културата, заедниците и други влијанија поврзани со културното наследството). Ова поглавје ги прикажува овие влијанија, ги илустрира со примери и дискутира за најдобри практики принципи кои им помагаат на менаџерите да одлучат како да го максимизираат позитивното, и да ги минимизираат негативните влијанија.

Табела XX Резиме на потенцијалните придобивки во заштитените подрачја

Вид на придобивки	Примери за потенцијални придобивки во заштитените подрачја
Животна средина	• Едукација на населението за прашања од областа на зачувување на природните вредности • Разбирање и гордост за природните вредности и нивното значење преку едукација, презентација, толкување и пренесување на искуства • Подигнување на јавната свест на заедницата и посетителите за вредноста на природното наследство и заштита на природните ресурси кои немаат воочлива вредност за локалните жители кои ги перцепираат природните вредности како трошок а не како корист • Поддршка за истражување и развој на добри практики за животна средина и системи за управување кои влијаат врз работењето на туристичките бизниси, како и на однесувањето на посетителите на туристичките дестинации во заштитените подрачја • Поддршка за спроведување на мониторинг на животната средина, живеалиштата и видовите преку волонтери од областа на науката
Економија	• Создадавање на економски придобивки за државата, регионот и локалната заедница за зајакнување на посветеноста кон зачување на заштитеното подрачје, растителниот и животински свет • Зголемување на работните места и приходите за локалните жители • Стимулирање на нови туристички претпријатија и диверзификација на локалната економија • Подобрување на локалните капацитети, инфраструктурата, транспортот и комуникациите во насока на поголема одржливост во управувањето • Охрабрување за локалното населени за зголенување на производство и продажба на стоки и услуги • Пристап до нови пазари • Генерирајте приходи од даноци • Можност за нови вештини на вработените во управувачкото тело, но и за заедницата • Финансиска поддршка за заштитените подрачја преку плаќање на туристички такси
Социјала/локална заедница	• Подобрување на животниот стандард за локалното население • Луѓето се охрабрени да ја ценат и да се гордеат со нивната локална култура и заштитените подрачја • Поддршка за еколошкото образование за посетителите и локалното население и поттикнување на поголемо разбирање на вредности и ресурси на културното наследство • Воспоставување на атрактивни содржини на туристичките дестинации за посетителите, во соработка со локалното население чија поддршка може да иницира нови активности (пр. услуги или индустрии засновани на локални производи, изнајмување на опрема и др.) • Подобрување на интеркултурното разбирање преку социјален контакт • Развој и зачувувањето на локалната култура, занаетчиство и уметност • Поддршка за локалното населени да ги научи јазиците и културите на поширокото подрачје (Грција и Албанија) • Промовирање на естетски, духовни, здравствени и други вредности

	поврзани со благосостојбата на луѓето • Подобрување на физичкото здравје преку рекреативно вежбање (на пр. Одење, возење велосипед) • Придонес во менталното здравје преку намалување на стресот и заморот • Подигнување на свеста за заштита на природното наследство во Преспанскиот регион на локално, национално и меѓународно ниво • Правилно интерпретирање на вредностите, заложбите за заштита и проблемите во управувањето со посетители

Придобивки за животната средина

Туризмот во заштитените подрачја може да предизвика важни позитивни влијанија поврзани со заштитата на животната средина. Во зависност под околностите, туризмот во заштитените подрачја може да биде мала или голема компонента во напорите за зачувување на природното наследство.

Во некои случаи, преку одржливите форми на туризам, управувачите на заштитените подрачја генерираат приходи кои се распределуваат директно за заштита и подобрено управување во рамките на заштитеното подрачје. Преку доброто управување, управувачот може учествува во програми за „волонтерство“ во заштитеното подрачје и да покани или соработува со научници и експерти за мониторинг и собирање на податоци за научнии цели во заштитнеото подрачје.

Понекогаш самото присуство на туристи во заштитеното подрачје може да ги намали деструктивните и незаконските активности (спречување на криволов, пожари, уништување на природни живеалишта).

Економски придобивки

Одржливото управување со туризмот во заштитените подрачја може да има голема придобивка за зачувување на заштитеното подрачје и поттикнување на локалната економија. Трошење од туристите може да биде од голема придобивка за локалните заедници на многу начини. Може да поттикне вработувања, претприемачки активности, отворање на услужни бизниси подредени на туризмот и индиректни вработувања за поддршка на компнииите.

Табела XX дава преглед на изворите на потенцијални приходи поврзани со трошење во туризмот, директно и индиректно, а голем процент од овие приходи остануваат во локалните заедници.

Големината на економското влијание на туризмот е под влијание на многу фактори, кои вклучуваат:

• Природата на заштитеното подрачје, неговите објекти, пристапност и привлечноста на туристите;
• Обемот и интензитетот на туристичката потрошувачка на дестинацијата;
• Нивото на економски развој и големината на економската основа на заштитеното подрачје;
• Степенот до кој туристичките расходи повторно се инвестираат во туристичката дестинација

Табела XX: Потенцијални извори на приходи поврзани со трошењето на туристите во заштитените подрачја

Директна потрошувачка од страна на туристите	Индректна потрошувачка од страна на оператори или управувачот со заштитеното подрачје
Трошоци за резервирање на сместување и активности	Набавка на униформи и пропратна опрема
Транспорт (автобус, комбе, паркинг, брод...)	Трошоци и градежни материјали
Трошоци за влезници	Набавка на мебел
Сместување	Локални занаетчии и мајстори за уредување на хотели, куќи, инфраструктура
Трошоци за водичи и едукација	Трошоци за управување со отпад
Храна и пијалоци (ресторани и продавници)	Трошоци за концесии платени од страна на приватниот сектор за да овозможува услуги за посетителите
Информации (книги, брошури, мапи, сувенири)	Процент од продажбата на овластени производи со брендот на заштитените подрачја
Трошоци за рекреација (специјални настани и специјални услуги)	Даноци
Изнајмување на опрема	
Брендирани производи	
Бензин, дрво	
Волонтерски донации, CO_2 обврзници	

Социјални придобивки

Позитивните социјални влијанија од туризмот индиректно ја поддржуваат заштитата на природните вредности. Едукацијата на посетителите и локалните жители може да ја зголеми нивната поддршка за заштита на природното наследство. Вклучувањето на посетителите и локалните жители во управувачките активности на заштитеното подрачје може да ја зголеми свеста за заканите кон природните вредности но и да понуди иновативни решенија во управувањето.

Зголемената туристичка понуда и побарувачка, директно ќе влијае врз размислувањето на локалната заедница и отворање кон посетителите, но и промени во начинот на живот и однесување, преку содржини кои се потреба за развој на туризмот како:

- Културни настани и содржини
- Подобра социјална инфраструктура
- Соработка во рамките на локаланта заедница

Придобивки за локалната заедница

Придобивките за локалната заедници или развој на локалната заедница може да се случи на различни начини, вклучително и преку туризам. Туризмот во заштитените подрачја може да биде клучен двигател за развојот на локалната заедница кога ќе се воспостави правилно планирање и дизајн на туристичката понуда. Одржливиот туризам во заштитени подрачја може да помогнат во:

- Одржување и подобрување на животниот стандард на локалната заедница и квалитетот на животот. Ова може да се постигне преку голем број на иницијативи, вклучително и

подобрувања во инфраструктурата и телекомуникациите, образованието, обуката и здравствената заштита;

- Обезбедување одржлив раст во локалната заедница преку истакнување на вредностите на локалните уметности и култура, како и важноста на природното налседство, сето тоа придонесува за генерирање на туристички понуди во заштитеното подрачје;
- Поддршка и јакнење на локалната заедница преку развој на вештини и подобрување на управувањето; и
- Туризмот е двигател на локалниот развој а тоа носи подобрување на основна здравствена заштита, социјална инфраструктура и други случувања во оддалечените локални заедници.

За заедниците да можат да ги реализираат овие социоекономски придобивки, дестинацијата за туризам мора да биде достапна и да има соодветна инфраструктура за одржување на нивото на бараниот туризам и поврзаниот раст на локалното население. Обезбедувањето на чиста вода за пиење, канализационите системи и правилно управувањето со отпадот се фундаментални придобивки, заедно со одржување и надградба на патиштата, промовирање на одржливи средства за транспорт до и од заштитеното подрачје и градење комуникациски мрежи. Ова ги олеснува неопходните виртуелни и физички врски меѓу туристите, локалната заедница, заштитеното подрачје и надворешниот свет.
Развојот на туризмот во заштитените подрачја честопати е подржан од граѓански иницијативи и здруженија чија цел е да соберат средства за поддршка на проекти за локалната заедница, како што се зголемување на пристапот до чиста вода, подобрување на земјоделски практики, градење на центри во заедницата или собирање донации на основни материјали и резерви за локални училишта, деца и семејства. Обезбедување на овие услуги и ресурси е директен начин туризмот да има корисно влијание врз развојот на заедницата.

Табела X Можности за вклучување на локалната заедница во управувањето со туризмот во заштитените подрачја

Можности	Карактеристики
Манипулативно учество	Учесниците немаат право на донесување на одлуки
Пасивно учество	Луѓето учествуваат со тоа што ќе им се каже што е решено или веќе се случило
Консултативно учество	Луѓето учествуваат со тоа што се консултираат или одговараат на прашања но нивните коментари не се бара да бидат вклучени
Учество за материјална надокнада	Луѓето учествуваат во процесите преку сопствен труд или допринос во замена за храна, пари или други материјални стимулации.
Функционално учество	Вклучува консултации за одредени одлуки, но дури откако веќе се донесени големи одлуки.
Интерактивно учество	Луѓето учествуваат во заедничка анализа и развој на акциони планови. Секој има право на учество и учеството, вклучува структурни процеси на едукација.
Само-мобилизирање	Луѓето преземаат иницијативи независно од надворешните институции. Тие ја задржуваат контролата врз користењето ресурси и донесувањето одлуки.

УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И ВЛИЈАНИЕТО ОД ТУРИЗМОТ

Целокупната анализа на влијанието на туризмот врз заштитеното подрачје има за цел да постигне баланс во управувањето со заштитените подрачја. Баланс помеѓу одржливо управување со заштитените подрачја и влијанието, придобивките и негативните влијанија од туризмот. Со примена на добри практики, одржливиот туризам може да помогне во реализација на широк спектар на природни и социјални вредности кои придонесуваат и во мисијата за зачувување на заштитеното подрачје и кога е можно, за придобивки за локално заедници.

Два клучни проблеми кои се појавуваат се: прво, како да се обезбеди туристичка понуда за посетители во заштитените подрачја без закана за нивните основни природни и придружни културни и духовни вредности, и второ, како да се обезбедат можности за рекреација и туризам во заштитени подрачја што се соодветни, со висок квалитет, и да се обезбедат придобивки за сите засегнати страни. Земени заедно, овие две прашања во суштина водат до овој документ (Програма за посетители во заштитено подрачје) кој треба јасно да даде препорака, како да се максимизираат придобивките од туризмот, додека се минимизираат неговите негативни влијанија.

Туризмот и рекреацијата во заштитените подрачја носат одредени ризици по однос на природното наследство, но и големи неизвесности за управувачот, поради флуктуации во побарувачката на пазарот како резултат на промена на туристичките интереси и економски услови, како промена на одлуките за инвестирање во јавната инфраструктура поврзана со туризмот и од развојот на економијата од страна на приватниот сектор.

Заштитените подрачја се важни туристички дестинации во многу земји, а за некои како: Кенија, Австралија, Нов Зеланд тие се главен туристичка атракција и можност за генерирање на приходи. Упатството на IUCN ја вклучува важноста за обезбедување широко учество на сите засегнати страни во носењето на одлуки, употреба на најдобро достапни практики, науки и други информации кои имаат за цел да воспостават одржливо управување и туризам во едно заштитено подрачје преку примена на прилагодлив пристап за управување (IUCN-WCPA, 2007).

10 Принципи на туризмот во заштитените подрачја

Поврзувањето на луѓето, местата и природата е во срцето на управување со заштитените подрачја. Заштеда на нашето природно наследство до идните генерации можат да успее само преку разбирање на неговото значење за нас. Одржливи форми на туризам базиран на природните вредности, почитување на целите на зачувување на природните вредности - во рамките и околу заштитените подрачја може да биде важен елемент за развивање на локалната економија. Збир на десет принципи сумирани во Табела X.X (засновано на МекКул, 1996 година, Иглс и др., 2002 и ЕУРОПАРК 2012 година) даваат насоки за донесување одлуки за клучните прашања на одржливиот туризам и управувањето со посетителите во заштитените подрачја.

Принципи	Преглед	Акција
1. Соодветното управување зависи од целите и вредностите на заштитените подрачја	• Целите во рамки на плановите на управување со заштитени подрачја даваат точно утврдени заклучоци за посакуваните резултати од управувањето со заштитени подрачја • Тие ги идентификуваат соодветните акции за управување и укажуваат на тоа кои се прифатливи ресурси и социјални услови • Тие овозможуваат да се процени успехот од акциите за управување	• Осигурете се дека плановите за управување вклучуваат јасни цели, каде што конзервацијата е на примарно место. • Воспоставете ги целите и согласете се за нив преку учество на јавноста.
2. Проактивно планирање за туризам и управување со посетителите, ја подобрува ефективноста	• Проактивното управување започнува со артикулацијата на вредностите на заштитените подрачја и на целите на управувањето. Политиките и решенијата за управување кои може да се поврзат со овие вредности, имаат подобра шанса за успешна имплементација. • Практиката на напредно размислување, може да доведе до подобра свесност за можностите за рекреација и и други туристички активности	• Обезбедете услови за посетителите да може да научат повеќе за вредносите на заштитените подрачја преку информации и програмирање. • Бидете познавачи на новите активности кои сакаат да ги имаат посетителите или користете шема што може да има импликации во управувањето.
3. Промената на условите за посетителите се неизбежни и може да бидат посакувани	• Влијанијата, користат нивоа и очекувања од соодветните услови да варираат (на пример: влијанијата на кампот во периферијата против центарот во заштитеното подрачје). • Променливите на животната средина, влијаат врз употребата на посетителите и нивото на влијание (на пример: топографијата, вегетацијата, пристапот)	• Користете ја зоната експлицитно за да управувате со различни можности за рекреација. • Користете го знаењето за разновидност да донесете одлуки за посакуваноста на туризмот на одредени локации (со тоа раздвојувајќи технички одлуки од оние засновани според вредноста на подрачјето).
4. Влијанието на ресурсите и социјалните услови се неизбежни последици од човековата употреба	• Секое ниво на рекреативна употреба, доведува до одредено влијание; во повеќето случаи почетното, мало ниво на употреба генерира најголеми влијаниа по единечна употреба. Онаму каде што постои конфликт помеѓу конзервацијата и другите цели, козервацијата има приоритет • Процесот на утврдување на прифатливоста на влијанието е клучно за секое планирање и управување со посетители. • Докази од влијанието може да се користат за едукација за животната средина за посетителите на парковите.	• Управителите мора да се прашаат: „ Колку влијание е дозволено врз основа на заштитените подрачја и цели?“ • Управителите мора да реагираат соодветно за да го одржат соодветното ниво на влијание.
5. Управувањето директно влијае врз однесувањето на луѓето и ги минимизира	• Заштитените подрачја често ги заштитуваат природните процеси и карактеристики, и на тој начин управувањето е генерално ориентирано кон управување на човековото влијание и	• Акциите на управување утврдуваат кои дејства се најефикасни во влијанието врз количината, видот и локацијата на промените.

промените предизвикани како директна последица на туризмот	промените кои ги предизвикува, бидејќи со тоа има најмногу нарушувања. • Промената предизвикана од човековото влијание може да доведе до услови кои не се посакувани. • Некои промени се посакувани и може да се причина за да се создаде заштитено подрачје. На оример, многу заштитени подрачја се создадени за да обезбедат рекреациски можности и локален економски развој.	
6. Влијанијата може да бидат предизвикани од многу фактори, така што ограничувањето на количината на употреба може да биде еден од повеќето начини на управување	• Многу променливи, освен нивото на употреба, влијаат врз односот употреба/влијание во заштитените подрачја (на пример: однесувањето на посетителите, методот на патување, големината на групата, сезонските и биофизичките услови). • Влијанието од користењето од посетителите или активностите за управување, може да се појават надвор од заштитеното подрачје, или да не бидат видливи до подоцна (на пример забраната за употреба може да ја пренесат таа употреба во други области или лошото постапување со водата, може да резултира во загадување на водата). • На планерите им треба значително познавање на односите помеѓу користењето и влијанието за да може да ги предвидат идните влијанија во различни размери и во текот на времето.	• Едукациските и информативните програми, како и регулативите насочени кон ограничување во однесувањето на посетителите, може да бидат неопходни.
7. Мониторингот / набљудувањето е неопходно за професионалното управување	• Мониторингот е клучен чекор за сите прилагодливи или проактивни рамки на управување, генерирајќи податоци за ресурсите, социјалните, економските и условите на заедницата, кои влијаат во одлуките за управување • Мониторингот не мора да биде комплициран или скап. Поради тоа често има неколку можности.	• Зајакнување на јавната ангажираност и едукацијата на посетителите преку поттикнување на нивната вклученост во набљудувањето,
8. Процесот на донесување на одлуки треба да го оддели техничкиот опис од вредностите	• Многу одлуки во управувањето со заштитени подрачја се технички (на пример: локација на патеката, дизајн на центарот за посетители итн.), но други ја рефлектираат вредноста (на пример одлуки за тоа како да се намали употреба, типови на објекти и можности кои се понудени за туристите).	• Процесите на одлучување треба да ги одделат прашањата од ‘постоечки услови’ до ‘посакувани услови’.
9. Засегнатите групи треба да бидат вклучени, бидејќи потребен е консензус и партнерство за имплементација	• Сите одлуки за управување влијаат врз некои индивидуи или групи. Овие групи треба да бидат идентификувани рано во процесот на одлучување.	• Носителите на права и засегнатите страни на заштитеното подрачје треба да бидат вклучени во идентификување на вредностите на заштитените подрачја и во развивањето

		на индикаторите. • Со соодветен тренинг, носителите на правата и засегнатите страни треба да бидат во можност да се вклучат во мониторингот, едукацијата и управувањето.
10. Комуникацијата е најважна за да се добие зголемено знаење и поддршка во областа на одржливоста	• Пренесувањето на резултатите од следењето на влијанијата на туристите врз зачувувањето и придобивките од заедницата, може да ги објасни причините за донесувањето на соодветните одлуки за управување.	• Комуникациска стратегија е потребна за да се поддржи проактивниот или адаптивниот процес на управување.

Негативни влијанија од туризмот во заштитени подрачја

Негативните влијанија од туризмот во заштитените подрачја се неизбежни. Важно е да се има во предвид дека дури и добро управуваниот туризам ќе создаде одредено количество негативно влијание. Со едноставно патување во заштитено подрачје, посетители скоро секогаш зад себе оставаат трага од своето присуство, додека Управувачот на заштитеното подрачје дополнително треба да внимава на посетители, со цел да се избегне деградирање на живеалиштата или вознемирување на дивиот свет.

Сите активности поврзани со туризмот можат потенцијално да предизвикаат негативни влијанија врз зачуваните вредности на заштитеното подрачје, без оглед дали се работи за големи инфраструктурни проекти, пристапни патишта, сместувачки капацитети, кампови или патеки за посетители. Пред секоја интервенција во заштитнеото подрачје треба да изврши проценка на влијанието врз животната средина за да се анализираат и да се намалат веројатните влијанија.

Потенцијалните влијанија врз флората и фауната ги следат истите принципи. Некои може да влијаат на целото заштитено подрачје, додека некои само на индивидуални локации. Негативните влијанија врз вегетацијата може да се случат преку ненамерно воведување инвазивни видови, газење, создавање непланирани патеки и намерно отстранување на вредни видови. Може да се појават влијанија врз животинскиот свет директно, како и во случаи на смртност поврзана со удар од возилото, лов и риболов и др.
Во некој заштитени подрачја голем проблем е хранењето на дивите животни од страна на посетители или необезбедена или отфрлена човечка храна. Вознемирување (обично ненамерно) на животинскиот свет од посетители е еден од факторите кои влијае на миграција на животните или намалување на репродуктивноста.

Овие негативни интеракции помеѓу туристите и животинскиот свет можат да предизвикаат индиректни влијанија, како што се промени во однесувањето кај некои видови, миграции, промена на карактеристиките во живеалиштето, микроорганизми во почвата и др.
Покрај овие можни влијанија, видот на живеалиштето и неговата чувствителност на нарушување исто така имаат влијание врз обемот на крајната состојба со живеалиштето.

Табела XX Можни влијанија врз животната средина

Област на	Туристички активности	Примери за потенцијални последици

влијание		
Воздух	Транспорт и електрична енергија	• Бучава и издувни гасови од возила • Зголемени емисии на јаглерод моноксид
Бучава	Изградба на објекти и нивно функционирање	• Загадувањето од бучава од возила или градежни машини може да влијае на успешно размножување на птиците
Вода	Одлагање на отпад, несоодветно испуштање на отпадни води и фрлање на отпад во притоките на езерото	• Минерали, нитрати, отпадна вода, цврст отпад, бензин, токсини излеана во езерото и околината • Загаденоста го намалува квалитетот на водата • Зголемена потрошувачка на вода
Геологија и почва	Собирање на камења/песок, вандализам, ерозија	• Графити на карпи, отстранување на минерали, карпи, фосили • Физички и хемиски промени во почвата
Пејсаж/ Предел	Урбанизација и развој	• Визуелно влијание на населбите врз пејзажот • Несоодветно одлагање на градежен шут • Несоодветно чување на опрема за во магацин (гајби, ќеси со отпад до објекти)
Живеалишта	Расчистување, користење на природни ресурси, загадување	• Фрагментација на природно живеалиште (пр. Мочуришта) • Конкуренција помеѓу домашни и инвазивни растителни видови • Променета фреквенција на пожар што доведува до промена на живеалиштата (вклучително и од случајни пожари) • Уништување живеалишта и расчистување на земјиште (на пр. Грмушки во мочуришта или теренски возила надвор од означена територија за движење) • Преголем риболов за снабдување храна за посетителите • Еутрофикација и таложење
	Пешачење, транспорт со моторни возила	• Притисок при подигнување на растенијата, растот и репродукцијата, влијаат на разновидност, состав и морфологија (на пр. преку газење)
Дивина	Лов и риболов	• Промени во составот на видовите, репродукцијата и однесувањето • Уништување на живеалишта на животните
	Загадување	• Психолошки стрес, промени во однесувањето, намалена продуктивност • Употреба на области за отстранување отпад како извор на храна • Еутрофикација
	Вознемирување преку разгледување и фотографирање	• Промени во однесувањето (на пр. Избегнување, навика или привлекување луѓе) • Физиолошки промени (на пр., Срцев ритам, стапки на раст и изобилство) • Промени во видовите (на пр. Состав,

		разновидност и изобилство, дистрибуција и интерспецифични интеракции)
	Патишта и пешачки/ велосипедски патеки во подрачја со високи природни вредности	• Бариери за месојади животни, судири, зголемена пристапност до ловокрадците • Загубени посетители поради нејасно поставена сигнализација или патување без водич • Мртви или осакатени диви животни (т.е. патен правец), во корист на мршојадци

Сигурност и безбедност

Сигурноста и безбедноста на посетителите е грижа на управувачот на заштитените подрачја кој треба да ги превземе сите потребни активности за нивно безбедно уживање во природните убавини независносно за каков и терен или подрачје се работи.
Најсериозно посетителите во заштитените подрачја може да бидат загрозени од активности како што се организирано ловокрадство, нелегална сеча на дрва, напад од диви животни, забегување од означените патеки, палење на оган или несовесно однесување при активности во вода (пр.: нуркање, пливање, едрење и др.)

Присуството на одговорните лица (ренџерите, водичите и спасителите на плажа) е еден од начините да се намали ризикот по безбедноста на посетителите и да се минимизираат сите можни ризици. Ангажирањето на голем број на луѓе, најчесто е скапа инвестиција, која треба да ја поднесе управувачот на заштитеното подрачје. Со цел обезбедување на максимална безбедност за посетителите а намалување на трошоците за безбедност и сигурност на посетителите, управувачот треба да ги вклучи сите засегнати страни кои може да помогнат во зачувување на сигурноста и безбедноста на посетителите, како и во намалување на ризиците.

Во земјите во развој, партнерството со невладини организации, локални спортски клубови, еко патроли, црвен крст, пожарникари, спасители, планинарски друштва и други чинители кои може да бидат вклучени во патролирање на заштитените подрачја е потенцијално решение за надминување на високите трошоци за управувачот.

Заштитените подрачја мора да подготват План за одговор при кризи и да бидат подготвени за акција во итни случаи со цел да се заштитат жителите, туристите и претпријатијата поврзани со туризмот.
Овие мерки треба да бидат интегрирани во Плановите за управување на заштитените подрачја, а вработените, посетителите и жителите треба да бидат соодветно информирани. Најдобар начин за инфомрирање на целата јавност е користење на социјалните и локалните електронски и пишани медиуми со цел посетителите и туристичките работници да бидат запознаени со секоја ситуација која може да претставува закана за нивната безбедност.

Прилагодување на управувањето во заштитените подрачја со цел воспоставување на одржлив туризам

Откако ќе бидат ставени во фукнција сите претходно дефинирани мерки за развој на одржливи форми на туризам и подготовка за управување со туристите и посетителите, Општина Ресен како управувач на заштитените подрачја Преспанко езеро и Езерани треба да подготви и спроведе: Програма за мониторинг, Самоевалуација на капацитетите, Анализа на вклучената јавност и локално население и План за комуникација. Штом овие активности ќе бидат спроведени како основа за одржлив туризам, управувачот на заштитеното подрачје ќе биде подготвен да го планира подигнувањето на квалитетот на услуги, воведување на нови услуги и производи, како и зголемена промоција.

Табела XX Примери за директни и индиректни добри практики во управувањето

Видови на практики	Примери
Директни (Акцент на регулирање на однесувањето; Ограничен индивидуален избор; висок степен на контрола)	• Зголемен надзор на подрачјето • Дефинирање на зони за (не)компатабилна намена (само за велосипедисти, само за пешаци, забрана за моторни возила итн) • Лимитирање на престој за кампување во рамките на заштитнеото подрачје (пример 1-2 дена) • Ротации во употребата на инфраструктурата (пр. Отворени или затворени патишта, патеки, кампови) • Потреба од резервации • Доделете кампови и / или патни правци на секоја камперска група во оддалечените области • Лимитирање на влез во заштитено подрачје преку влезни точки • Лимитирање на големината на групите/посетителите (пр. Број на возила) • Лимитирање на кампувањето само на однапред дефинирани локации • Лимитирање на должината за престој на одредени локации во заштитените подрача (максимум или минимум) • Рестриктивни политики за палење на оган во кампови • Рестриктивни мерки за лов и риболов • Обврзувачки или охрабрување на посетителите да изнајмат/ангажираат водич • Воспоставување на казни
Индиректни (Акцент на влијанието или модифицирање на однесувањето; Поединецот ја задржува слободата на избор; Помала или целосна контрола, поголема понуда)	• Подобрување (или не) на пристапни патишта и патеки • Подобрување на местата за кампирање (или не) и други концентрирани подрачја • Рекламирање и охрабрување на заштитата на специфични вредности на заштитеното подрачје • Идентификување на опсегот на можностите за рекреација во околните места • Едуцирање на посетители за еклогија и етика на однесување во природа • Рекламирање на подрачја со мала посетеност или искористеност и генерални правила за посета • Наплата на влезници

	• Наплата на различни влезници (за патеки, зони, сезона) • Барање за доказ за искуство во познавање на еколошките вредности или рекреативните активности

Мониторинг

Суштинска компонента на секој План за управување со туризмот е постојан мониторинг што ги следи тековните активности, ја оценува ефикасноста на акциите за управување, ги следи активностите и забелешките на посетителите и дава основа за преземање соодветни активности и сите прилагодувања на плановите за управување со посетителите врз основа на повратниот одговор од туристите и посетителите.

Со цел подготовка на квалитетна Мониторинг програма, управувачот со заштитеното подрачје треба да одговори на прашањата:

- Зошто е потробно да се направи мониторинг?
- Што треба да се мониторира?
- Каде и кога треба да се прави мониторинг?
- Кој треба да го спроведе мониторингот?
- Кој ќе ги анализира податоците од мониторингот?
- Како ќе се користат податоците од мониторингот?

Мониторинг од страна на локалната заедница

Следењето на активностите за одржливи форми за еко-туризам може да биде скапо и да ги надминува капацитетите на управувачот на заштитените подрачја кои имаат ограничен буџет или персонал. Сепак, во зависност од индикаторите што треба да се следат, некои од мониторинг активносите може да бидат релативно едноставна и економични доколку се вклучат волонтери од заедницата, локалното население, локалните компании, туристичките водичи, тур оператори вклучувајќи ги и сите граѓани.

Мониторинг на користењето на ресурсите од посетителите

Количината, видот и дистрибуцијата на посетителите даваат фундаментални податоци, иако таквите податоци не се добиени преку рутински или систематски методи. Некои од најчестите информации за користењето на ресурсите од страна на посетителите вклучуваат:

- **Број на посетители** - број на индивидуални посетители кои влегуваат или го напуштаат заштитеното подрачје без оглед на должината на престојот;
- **Број на ноќевања на посетители** - број на лица кои ноќеваат во заштитеното подрачје
- **Времетраење на посети -** вкупната должина на време (часови) на задржување на посетителите во заштитеното подрачје;
- **Денови на посета:** Вкупниот број на денови во кои престојуваат посетителите во заштитеното подрачје;
- **Трошење на посетители -** Вкупната потрошувачка направени од страна на посетител, или во име на посетител, за стоки и услуги за време на патувањето и престојот во заштитено подрачје.

Нивото на мониторинг кое ќе го дефинира управувачот треба да се заснова на бројот на посетители, локациите, персоналот, буџетот и ресурсите кои ги има на располагање.

Мониторинг на влијанието на посетителите врз природните ресурси

Управувачот на заштитените подрачја ќе треба да развие индикатори за набудување на влијанијата на посетителите врз широк спектар на податоци, кои се движат од цели екосистеми до одделни објекти. Мониторингот може да се фокусира на состојбата на туристичката инфраструктура, природните ресурси, чувствителните пејзажи, живеалишта или видови. Однесувањете на посетителите треба да се следи за да се процени нивното влијание врз значајните природни ресусри и вредности на заштитените подрачја.

Мониторинг на искуствата од посетителите

Квалитетот на собраните информации за искуството на посетителите е суштински показател за одржливиот туризам во заштитените подрачја. Неформалните податоци обезбедени од посетителите на картички за повратни информации за услугите, дневници/книги за посетители или социјалните медиуми обезбедуваат некои навестувања за искуството на посетителите, иако таквите информации можат да бидат објективни или пристрасни. Систематски начини за следење на задоволството на посетителите вклучува анкети на лице место (центри за посети) или места кои најчесто се посетени од туристите. Дополнителни алатки кои може да се користат се добивање на информации по е-пошта, интернет, социјални медиуми и др.

Мониторинг на ефикасноста во управувањето

Важноста на проценката на ефикасноста во управувањето на заштитените подрачја се повеќе се користи како основа за планирање на процсите на управување во заштитените подрачја. Согласно Меѓународната Унија за Заштита на Природата (IUCN) воспоставила рамка со шест елементи за проценка и овие критериумите вклучуваат: законодавство и политики за туризам, добро управување, инфраструктура, ресурси за поддршка на управување со посетители и ефикасност во управувањето.

ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ

Програмата за посетители ги дефинира приоритетите во управувањето со посетители во заштитените подрачја и предлага активности кои имаат за цел воспоставување на систем за управување со посетители кои ќе ги промовира природните вредности на заштитените подрачја, ќе обезбеди одржливи форми на финансирање и локален економски развој.

Програмата за посетители ги зема во предвид сите локации кои се наоѓаат во заштитените подрачја или во нивна непосредна близина кои се идентификувани како туристички локации, што значи директно антропогено влијание врз природните вредности на заштитените подрачја.

Секоја плажа и локација согласно својата убавина привлекува различна категорија на посетители и туристи со различни интереси, а тие различно влијаат врз природните вредности.

ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЦИИ

Плажа Долно Дупени

На 34 километри од градот Ресен, во подножјето на Баба Планина, на само неколку стотини метри од Преспанското езеро, се наоѓа селото Долно Дупени кое е вистински рај за туристите. Најголемиот број на посетители кои доаѓаат во селото ја користат и локалната плажа „Дупени Бич“. Плажата има ситен песок, места за освежување и храна и е вистинско уживање за туристите и посетителите. Жителите ја нарекуваат и „плажа на вљубените“, а опремена е со сламени чадори, дрвени маси и столчиња и терен за одбојка, а од кафулето може да се гледа прекрасното зајдисонце. Плажата „Дупени Бич“ се наоѓа на 2 километри од граничниот премин „Маркова нога“ кои иако не е во функција привлекува голем број на посетители. Согласно политичкиот договор помеѓу Македонија и Грција планирано е овој граничен премин да биде активен до 2024, што значи дека во селото „Долно Дупени“ и плажата „Дупени бич“ може да се очекува значително зголемување на посетителите и туристите, но и зголемување на притисокот врз Преспанското езеро преку, зголемување на кличините на комуналед отпад, отпадни води и промена на пејсажот преку поставување на урбана опрема и изградба на нови објекти.

Локација: Плажа „ДУПЕНИ БИЧ“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Одбојка на песок	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Културни и забавни настани на плажа	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	-	-
Пешачење и рекреативно трчање	-	-
Планинарење	-	-
Набљудување на птици	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема





Плажа Дупени бич, Долно Дупени

Плажа Крани

Селото Крани се наоѓа на 20 километри од градот Ресен со популација од 416 жители од кои поголемиот дел од селото се занимаваат со овоштарство односно со одгледување на јаболка. На 2 километри одалеченост од селото се наоѓа прекрасна песочна плажа која е една од најубавите плажи во овој регион и истата е многу привлечна за домашните и странските туристи. Плажата е одалечена окулу 100 метри од Автокампот Крани кој преставува сместувачки капацитет и располага со ресторан и спортски содржини. Во периодот од 1980 до 1990г, Крани била една од главните туристички локации во Преспа кои нуделе многу спорстк и забавни содржини, но со повлекување на езерото, се намалува и интересот. Крани сеуште привлекува голем број на туристи и има потенцијал за прифаќање на голем број на посетители.

Локација: Плажа „КРАНИ“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Спортски активности (одбојка, фудбал, кошарка)	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Кампување и сместување во бунгалови и хотелски соби	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Летање со балон и параглајдинг	Зголемен број на посетители	-
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Пешачење и рекреативно трчање	-	-
Планинарење	-	-
Набљудување на птици	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Агротуризам	Зголемен број на посетители	-





Плажа Крани

Плажа Сливница

Сливница се наоѓа на во југоисточниот дел на Преспанската котлина и е одалечена 16 километри од ресен и 45км од Битола. Веднаш под селото се простираат две песочни плажи „Цоца„ и „Конект“ кои привлекуваат голем број на туристи во летниот период кој ја користат плажата и летуваат во автокампот. Локацијата привлекува голем број на посетители и туристи, а е место каде се организираат концерти, прослави и свечености.

Локација: Плажа „СЛИВНИЦА“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Спортски и рекреативни активности на плажа	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Кампување и сместување во бунгалови	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Културни и забавни настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Пешачење и рекреативно трчање	-	-



Плажа Конект, с.Сливница

Плажа Претор

Претор претставува туристичка населба која е 16 километри одалечена од Ресен. Претор се простира покрај брегот на Преспанското езеро и преставува главна туристичка атракција за туристите кои го посетуваат преспанскиот регион. Претор е познат како туристичко место со привлечни плажи, спортски содржини, ресторани, продавници, приватно и хотелско сместување, кафулиња на плажа и место за културни и спортски настани. Иако пред 30 години во Претор постоеа повеќе синдикални одмаралишта, по транзицијата во 90тите години скоро 90% од оваа инфраструктура е напуштена и уништена. Со зголемените инвестиции во последните десетина години, се зголемува бројот на туристи но само на дневен туризам со оглед на фактот дека бројот на сместувачки капацитети е многу мал. Преку летниот период Претор е полн со летувалци кои престојуваат во актуелните сместувачки капацитетит или сопствени викенд куќи, а за викендите голем број на посетители доаѓаат во Претор од Ресен, Битола, Прилеп и другите населени места во регионот. Претор е едно од туристичките места каде застануваат и голем број на кампер туристи кои се на минување или авантуристи кои сакаат да ги истражат природните вредности на заштитнеите подрачја Преспанско езеро и Езерани, Национален Парк Галичица и Национален Парк Пелистер.

Плажите во Претор започнуваат од селото Асамати кое се наоѓа непосредно на Почетокот на Претор па се до плажите во Сливница. Пешачка патека го поврзува Претор со Сливница и Крани и е одлично место за прошетки и рекреација на посетителите.

Локација: Плажа „ПРЕТОР“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Спортски и рекреативни активности на плажа	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Кампување и сместување во бунгалови и хотели	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Културни и забавни настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Пешачење и рекреативно трчање	Зголемен број на посетители	-
Летање со балон	Зголемен број на посетители	-
Кајт сурф и едрење	Зголемен број на посетители	-
Параглајдинг	Зголемен број на посетители	-
Агротуризам	Зголемен број на посетители	-
Гастрономија	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води



Плажа Галакси, Претор

СЛИКИ КАЈТ СУРФ

Парк на Природа Езерани

Богатиот и релативно добро зачуван биодиверзитет на Паркот на Природа Езерани, особено во контекст на целото Преспанско Езеро, поседува карактеристики значајни на светско, европско и регионално ниво. Езерани заедно со Преспанското Езеро се дел од меѓуграничниот биосферен резерват. Езерани е прогласено за рамсарско подрачје, претставува дел од Значајното подрачје за птици (Important Bird Area – IBA, според светски прифатениот систем на Birdlife International). Како најважни видови во Езерани може да се најдат кадроглавиот пеликан, обичниот (белиот) пеликан и двојки мал воден бик. ПП Езерани има значајна улога во зачувување на нивните популации и за таа цел ренџерската служба во паркот врши надзор врз сите туристички и научни активности кои е одвиваат во паркот со цел соодветно информирање на посетителите и соодветен надзор врз живеалиштата.

Во рамките на подрачјето е воспоставен систем од пешачки и велосипедски патеки за посетителите, едукативен центар за информирање и набљудувачници за птици, кои имаат за цел да им понудат на посетителите подобра можност во набљудувањето на птици.

Локација: ПАРК НА ПРИРОДА ЕЗЕРАНИ“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Пешачење и рекреативно трчање	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Набљудување на птици	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Научно истражувачки експедиции	Зголемен број на посетители за научно истражувачка работа	-
Научно Едукативни посети	Зголемен број на посетители	-



Велосипедски и пешачки патеки, Парк на природа Езерани



Кула за набљудување на птици, Парк на природа Езерани



Пеликан, Езерани

Плажа Отешево

Отешево е и првата туристичка населба што во Преспа е изградена по Втората светска војна. Ова пријатно катче за одмор и рекреација е оддалечено околу петнаесетина километри од Ресен. Тоа се наоѓа на јужната страна на Преспанското Езеро, а е сместено во подножјето на живописната планината Галичица, која го дели од Охридското Езеро.

Во минатото, овој значаеен регион на Преспа беше составен од многу вили и хотели кои се протегаа покрај езерскиот брег, скриени во дабовата шума. Во аналите на туризмот на Македонија е запишано дека Отешево некогаш беше втор туристички центар, после Охрид, кога во Преспа имаше над 7.000 легла. Пред 30-тина години, Отешево беше еден од најубавите туристички ресорти во Македонија, составен од десетина хотелски комплекси, ресторани, спортски игралишта, автокамп, здравствена установа, ресторани на плажа и водни атракции. Сега во функција е Хотелот Лејк вју (Lake view) и автокампот. Потенцијалот на Отешево е огромен, но за него се потребни големи инвестиции во инфраструктура, реновирање на сместувачките капацитети и расчистување со имотно правни односи.

Локација: Плажа „ОТЕШЕВО“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Спортски и рекреативни активности на плажа	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Кампување и сместување во бунгалови и хотели	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Културни и забавни настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Пешачење и рекреативно трчање	Зголемен број на посетители	-
Параглајдинг	Зголемен број на посетители	-
Набљудување на птици	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Здравствен туризам	Зголемен број на посетители	-
Планинарење	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Конференции и семинари	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Прослави и настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Гастрономија	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води





Плажа Hotel Lake view, Отешево

Плажа Стење

Селото Стење се наоѓа во близина на граничниот премин со Албанија, на западниот брег на Преспанското езеро. Стење е одалечено 23 километри западно од градот Ресен. Жителите на ова село во главно се занимаваат со земјоделство, одгледуваат јаболка, дел се занимаваат со риболов и слично. Селото Стење изобилува со повеќе ресторани,кафетерии и барови каде што можат да се вкусат повеќе преспански специјалитети и исто така е место каде се организираат културни и забавни манифестации, а поради локацијата во Стење е отворен и Информативен центар за посетителите во рамките на Националниот парк „Галичица“.

Локација: Плажа „СТЕЊЕ“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Спортски и рекреативни активности на плажа	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Кајак	-	-
Моторни чамци	Опасност за капачи	Загадување на езерските води со моторно масло
Кампување и сместување во хотели и апартмани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Културни и забавни настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Пешачење и рекреативно трчање	Зголемен број на посетители	-
Параглајдинг	Зголемен број на посетители	-
Набљудување на птици	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Здравствен туризам	Зголемен број на посетители	-
Планинарење	Зголемен број на посетители	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Конференции и семинари	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Прослави и настани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Риболов	Несовесен и недозволен начин на риболов	Намалување на рибниот фонд
Кајт сурф и едрење	Зголемен број на посетители	-
Агро туризам	Зголемен број на посетители	-
Гастрономија	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води





Плажа Стење



Плажа Стење



Село Стење

Плажа Коњско

Во близина на Стење се наоѓа малото село Коњско, последно од македонска страна. Од Коњско за многу кратко време со чамец може да се стаса до островот Голем Град. Коњско е лоцирано во близина на заливот „Лиса“, сместено на тромеѓето на македонската земја. Покрај селските куќи, кои се руинирани, има и колиби од ендемично дрво, а има викенд населба со околу четириесетина изградени викенд куќи. Селото Коњско на секој посетител му ги нуди своите благодети, убавата клима, езеро поволно за капење и риболов, убава песочна плажа, питома и убава околина погодна за прошетки. Со еден збор Стење и Преспа ја нудат својата убавина и питомина.

Во минатото жителите на селото Коњско биле познати рибари, мајстори за фаќање на преспанскиот крап, а ја подготвувале и најситната риба викана белвица, која има уште две имиња; „нивичка“ по селото Нивици во Долна Преспа и „циронка“, кога е во сушена форма.

Локација: Плажа „КОЊСКО“		
Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад
Кајак	-	-
Кампување и сместување во хотели и апартмани	Зголемен број на посетители и автомобили	Зголемени количини на комунален отпад и отпадни води
Велосипедизам	Зголемен број на посетители	-
Пешачење и рекреативно трчање	Зголемен број на посетители	-
Риболов	Несовесен и недозволен начин на риболов	Намалување на рибниот фонд



Село Коњско

Остров Голем Град


Островот Голем Град е едно од најважните и најинтерсните природни живеалишта во Макеоднија поради своите специфични геоморфолошки карактеристики, карактеристичната флора и фауна и поради своето историско минато. Островот е долг 750 m, а широк 450 m, со највисок дел 50 m над езерото. Од сите страни островот е заобиколен со карпи и спили со височина 20 до 30 метри. Над нив се оформува плато со две возвишенија на северниот и јужниот дел на островот. Меѓу возвишенијата има седло кое на брегoвите завршува со мали заливи. Овие два заливи се единствените места од кои може да се пристапи на платото.

Според Указот за прогласување на Законот за прогласување на дел од планината Галичица за Национален парк, во членот 4 на овој закон се потенцира дека во границите на паркот влегува и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Иако островот Голем Град се наоѓа на територијата на националниот Парк Галичица, сепак неговата позиција во заштитеното подрачје Преспанско езеро, иницира посебно внимаие на активностите кои се одвиваат во самото Преспанско езеро а се во непосредна близина на островот кој се смета за строго заштитено подрачје.

Опкружувањето со големата количина на вода, геолошката подлога и близината на Медитеранот овозможиле на островот да владее посебна микроклима која е причина за појава на богата и ретко распространета вегетација.

На островот Голем Град се издвојуваат две шумски заедници и тоа шумата на дива фоја (Biaro tenuifoliae-Juniperetum excelsae) и шумата на вебиевиот бадем и мазната копривка (Pruno webbii-Celtetum glabrae).

На островот на релативно мала површина сконцентрирани се голем број културни историски споменици и природни вредности. Два километри долгиот воден пат од селото Коњско води до оваа природна тврдина, издигната 30 m над езерската вода и со површина од 18 хектари. Денес е ненаселена, но е богата со ендемски растенија, ретки птици, залични заедници на животни, како и објекти, записи и наоди кои зборуваат за долгите векови на населеност на островот.



Освен за љубителите и проучувачите на природата, островот Голем Град е едно од најатрактивните места за оние чии интересирања се насочени кон откривањето и исражувањето на остатоците на населбите од неолитот, старомакедонското и римското време (некропола) и средновековието. Освен римската некропола, откриени се шест цркви постоеле дванаесет. Островот впрочем бил континуирано населен 2000 години, а манастирскиот живот се одвивал од X до XIV век. Меѓу пронајдените цркви, од особен интерес е онаа подигната и живописана во XIV врз темели на римска цистерна за вода.

Локација: Остров Голем Град

Содржина, можности и активности	Влијание	Ризик
Пливање	Зголемен број на посетители	Зголемени количини на комунален отпад и вознемирување на видовите и живеалиштата
Кајак	-	Вознемирување на видовите и живеалиштата
Кампување	Зголемен број на посетители	Вознемирување на видовите и живеалиштата
Пешачење	Зголемен број на посетители	Вознемирување на видовите и живеалиштата
Риболов	Несовесен и недозволен начин на риболов	Намалување на рибниот фонд
Моторни чамци	Опасност и вознемирување за видовите	Загадување на езерските води со моторно масло
Верски туризам	Зголемен број на посетители и комунален отпад	Неинформираност и шетање без водич и соодветна опрема
Научно истражувачки експедиции	Зголемен број на посетители за научно истражувачка работа	-
Научно Едукативни посети	Зголемен број на посетители	-



Остров Голем Град



Остров Голем Град *(фото Бојан Тренчевски)*



Колонија корморани, Остров Голем Град *(фото Ксенија Путилин)*

ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЛОКАЦИИ

Потребни се интервенции на локациите кои ќе овозможат подобро искуство за посетителите, правејќи разлика помеѓу:

- Локации кои може да понудат квалитетни искуства за голем број посетители, каде влијанијата можат да се управуваат во прифатливи граници; и
- Локации со големи природни вредности кои се под голем притисок на посетителите каде се потребни мерки за ублажување на влијанието.

Општина Ресен, како управувач со Паркот на природа Езерани и Спомениkот на природа Преспанско езеро, треба да воспостави режим и да ги информира посетителите на критичните места и рути кои водат од или до зоните на строга заштита или локациите со високи природни вредности со цел рано превенирање на дејство кое може да наштети на природните вредности но и да има економски последици. Освен информацијата за посетителите, општината има обврска да го едуцира и локалното население за вредностите и последиците. Во однос на туристичко-економскта инфраструктура, освен местата за престој, општината заедно со локалното население треба да обезбеди места за одмор, тоалети за посетители, продавница и место за освежување, засолништа од природни влијанија, место и опрема за рекреација, инструктори и водичи, спасителни служби и систем за управување со отпадот од посетителите.


Проблемите со сообраќајот со врвни временски периоди можат да се решат преку постојната иницијатива за транспорт на посетители, со дополнително вклучување на локалните заедници да развијат интервенции за управување со сообраќајот на проблематични локации. Треба да се подготви план за паркирање за сите посетители во близина на заштитените подрачја.

Општина Ресен како управувач со заштитените подрачја, треба да го интегрира целиот регион кои ги опфаќа заштитените подрачја во Планот за управување со отпадот и да остави соодветна инфраструктура за собирање на отпад (канти за отпадоци на плажи, контејнери и контејнери за кабаст отпад онаму каде границата на заштитените подрачје се наоќа непосредно руралните средини. Дополнително, Општина Ресен треба да ги превземе сите потребни мерки за спречување на отпадните води да дојдат во водите на езерото, со што би настанало загадување на водата.

Недостаток на систематски собрани податоци за влијанието на посетителите значи дека во моментов нема јасен индикатор за управувачот за тоа каде се местата со најголем притисок од страна на посетителите и туристите. Управувачот треба да воспостави редовен монитринг на посетители со цел да се искористат податоците за идентификување на туристички интереси и кои се точките од интерест за туризам и рекреација со цел да направи приоритет за интервенција за решавање на негативните влијанија од посетителите и нивните активности.

УПРАВУВАЊЕ СО ЛОКАЦИИ

Повеќето активности опишани погоре ќе бидат постигнати само преку меѓу-институционална соработка, барајќи фокус на тоа како организациите работат заедно и како се планираат и испорачуваат проектите. Лидерство е потребно од страна на управувачот со заштитените подрачја за да се обезбеди координирана реализација на овој план. Потребна е одлука за тоа како ќе се имплементира оваа застапничка улога во контекст на тековниот преглед на Плановите за управување со заштитените подрачја, во кои се наведува дека треба да се направи баланс заштитата, туризмот и интересите на заедницата со цел одржливо управување со природните вредности.



Заклучокот е дека има потреба од подобри докази за искуствата на посетителите и нивните влијанија врз природните вредности за да се води поефикасно управување. Подобреното знаење за влијанијата врз животната средина треба да се користат за поставување и следење на праговите во животната средина, што доведува до насочено управување на клучните места. Подобри информации за потеклото и активностите на посетители и за бројот на луѓе кои ги посетуваат одредени локации, ќе обезбедат подобри насоки за водење на управувањето.

Со цел ефикасно и ефективно управување со локациите, несомнено е потребна широко партнерство и вклучување на сите засегнати страни и локални чинители во туризмот за да се обезбеди целосна покриеност на локациите подобни за одржливи форми на туризам во заштитените подрачја Преспанско Езеро и Езерани.

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИЗМОТ ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Основен принцип за развој на туризмот во заштитените подрачја е дека искуствата зависат од атрибутите на заштитеното подрачје и туризмот не треба да го загрозува зачувувањето на вредностите содржани во него. Управувањето со заштитеното подрачје не е единствена обврска на Управувачот, туку и воспоставување на основите за одржливи форми на туризам.

Управувачот на заштитените подрачја, Општина Ресен, мора да се осигура дека влијанијата на посетителите и туристите се во прифатливи граници и ги овозможуваат видовите искуства што се соодветни за заштитеното подрачје и во согласност со целите за зачувување.

Градењето на капацитетите е процес со кој луѓето се стекнуваат со знаење (капацитет) за постигнување збир на цели или успешно справување со проектни задачи. Градење на капацитети не значи обука; тоа е многу повеќе од тоа. Процесот на градење на капацитети, вклучува можности за луѓето да се стекнат со знаење и способности што им се потребни за тековната работа, преку одредена обука, образование во широка смисла, или развој на вештини.

Основните капацитети и неопходни вештини кои треба да бидат развиени кај најразлични луѓе кои се вклучени во управувањето со туризмот во заштитени подрачја, вклучуваат:

- Менаџери кои имаат законска одговорност да го заштитат природно наследство на заштитнеото подрачје и придружните природни вредности, до дизајнирање и управување со соодветни планови за туризам;
- Планери, архитекти, инженери и градежни работници кои развиваат и одржуваат објекти (на пр. патишта, патеки, центри за посети, тоалети, видиковци);
- Вработените во локалните бизниси кои обезбедуваат потребни услуги (на пр. храна, транспорт, сместување, толкување);
- Комерцијални тур-оператори кои ги спроведуваат активностите кои создаваат искуства за посетители;
- Вработените одговорни за промоција и маркетинг кој ги промовира заштитените подрачја;
- Научници кои прават истражувања за влијанијата на туризмот врз видовите и живеалиштата;
- Други лица кои им помагаат на заедниците и жителите да се справат со социјални влијанија и искористување на нови можности поврзани со туризмот во заштитените подрачја
- Едукација на населението за природните вредности на заштитените подрачја и нивно вклучување во активностите за управување;
- Специјалисти за комуникација кои развиваат едукативни материјали за природните вредности.

Процесот на градење на капацитетите треба да ги земе во предвид: стратешките надлежности, Планирање и Оперативните надлежности за управување со туристи и посетители во заштитените подрачја.

Управувањето со заштитените подрачја Преспанско езеро и Езерани, треба да предвиди, градење на капацитттите на: Управувачкото тело, локалната заедница и партнерите вклучени во процесот на обезбедување на одржливи форми на туризам.

Градењето на капацитетите за одржливо управување со туризмот е од големо значење за Општина Ресен, но најважно е вклучување на локалната заедница во сите процеси, како парнтер, во социо економскиот развој на населението. Со цел да направи подобра анализа на потребите на локалното населени, управувачот Општина Ресен треба да подготви анализа за квалитетно вклучување на локалната заедница во управувањето со туризмот и заштитените подрачја, која треба да ги идентификува потребите на локалната заедница за едукација и подобрување на нивната социо-економска состојба преку нивно директно вклучување во управувачките процеси.

Критериум	Опис на активности
Цели на учество на локалната заедница	Заедништво, прифатливост на проектите, еднакви можности за сите, рамномерен регионалне развој, спречување на миграција, отворање на нови работни места и можности за самовработување
Кои се засегнати чинители / локални заедници	• Кое е нивото на свест и знаење кај локалната заедница за развој на одржлив туризам во заштитени подрачја? • Каков е институционалниот капацитет на заедницата? • Дали се идентификувани лидерите во задницата кои може да допринесат за одржлив развој и вклучување на заедницата во активностите поврзани со туризмот во заштитените подрачја? • Дали на заедницата и е потребна обука за градење на капацитетите и каква обука е потребна? • Зголемено учество на јавноста во донесување на одлуки
Кои се носители на туризмот, а кој се локални засегнати страни	• Дали се идентификувани сите чинители? • Дали се соодветно вклучени во управувањето носителите на туризмот? • Дали се соодветно вклучени локалните засегнати страни?
Кои методи треба да се користат за ефективно вклучување и учество на јавноста во донесување на одлуки	• Поддршка за населението и градење на локалните капацитети • Дали на населението му е обезбедена неопходната обука и едукација, финансиска поддршка и информации? • Дали населението е навремено информирано за можностите? • Дали субјектите поврзани со туризмот го вклучуваат локалното население во планирачките процеси • Дали и како може да се менаџираат процесите за вклучување на целото население во регионот • Дали се зададени реалистични рокови за планирање на процесите поврзани со туризмот. • Дали постои финансиска или друг вид на поддршка за населението и дали тоа е запознаено и има еднаков пристап

ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА

Многу посетители имаат силни предрасуди за квалитетот на природните вредности во заштитените подрачја пред да дојдат да ги посетат. Во некои области, особено најпопуларните патеки и дестинации кои се желба на посетителите, поради несоодветно постапување со локацијата или поради притисокот од посетителите, овие квалитети се намалуваат, како и искуствата на посетителите.

Во однос на подготовка на добар план за комуникација потребно е управувачот на заштитените подрачја да ги дефинира квалитетите на заштитените подрачја (најважните природни вредности) според кои ќе се брендира и продава на туристичкиот пазар. Дополнително, управувачот мора да го подобри или да стави фокус на управувањето со најпопуларните дестинации.

Препорака е да се искористи брендот на најважните природни вредности во заштитените подрачја со цел да се промовира целосната палета на искуства кои природата ги нуди за посетителите и туристите со нагласување дека во пораките за комуникација треба да се внимава на влијанието на посетителите врз природните вредности.

Потребен е фокус на маркетинг, промоција на активностите и можностите за рекреација на отворено, авантуристички туризам за да им се обезбедат на посетителите високо квалитетни понуди и искуства кои се во насока на зачувување и заштита на заштитените подрачја Езерани и Преспанско езеро.

Клучните пораки за толкување треба да бидат развиени за секоја од најпопуларните локации, врз основа на нивните посебни квалитети и потребите за зачувување.

Постојат можности за поблиска соработка со полицијата за да се спречат нелегални активности како што е употреба на вонредни возила. Исто така, треба да се развие едноставен механизам за известување за земјоделците и сопствениците на земјиштето да известуваат за инциденти за управување со посетители до надлежниот орган за управување со заштитените подрачја. Треба да се постигне договор за видовите рекреација што може да се одвиваат на земјиште со отворен пристап пред да се бараат посебни лиценци за давателите на рекреација. Постојат можности да се прошири на сите делови на заштитените подрачја, новата политика на управувачот за врски со организаторите на големи настани на отворено и со организаторите на активностите на млади.

Кодексот на однесување во заштитените подрачја може да се промовира преку обука на туристички бизниси, даватели на услуги за рекреација, брошури и летоци, веб-страници и информативни табли на клучните места.

Маркетингот како специјализирана форма на комуникација, се занимава со создавање и доставување пораки кои имаат вредност за клиентите, природните вредности и општо за локалната заедница. Традиционално маркетингот се фокусира на производот, цената, промоцијата и локацијата. За подобро управување на заштитените подрачја, управувачот (Општина Ресен) треба да се фокусираат на истражување на туристичкиот пазар за да ги разбере потребите, карактеристиките и однесувањето на туристите и потенцијалните посетители.

Промотивните активности и рекламирањето на туризмот во заштитените подрачја може да допринесе и за едукација и подигнување на јавната свест на локалната заедница, вработените на управувачот и носителите на туризмот во регионот.

Општина Ресен како управувач на заштитените подрачја Преспанско езеро и Парк на Природа Езерани треба да предвиди повеќегодишна стратегија за комуникација која ќе биде во корелација со тековните активности за заштита на природните вредности и активностите на локалнител чиниители поврзани со туризмот во заштитените подрачја. Оваа стратегија треба да се базира на научените лекции од тековната и минатите годишни активности повзани со потребите и интересите на туристите во Преспа.

Стратегијата за комуникација е важна алатка за управување и реализирање на позитивни промени со цел постигнување на зацртаните цели. Клучни принципи и упатства за добри практики во стратегиската комуникација вклучуваат: ангажирање на засегнати страни, локални лидери, креатори на мислење; развој на партнерства; градење на капацитети во организациско управување и комуникациски вештини; фокусирање на позитивен збор од уста на уста и зачувување на углед и спроведување на темелно следење и проценка на туристичката понуда, потреби и интереси на посетителите.

Комуникацијата има корпоративна улога важна за позиционирање на интересите на заштитените подрачја помеѓу другите социјални интереси во општеството. Целта е да се постигне финансиска и политичка поддршка за заштитените подрачја и системот на управување. Комуникацијата го поддржува брендирањето и идентитетот на заштитените подрачја и е важна за создавање национална, регионална или лкална гордост и развој на корпоративна култура и однесување меѓу вработените.
Комуникацијата исто така има улога во обезбедување квалитетна услуга на посетителот на заштитените подрачја. Понатамошна улога на комуникациската стратегија е поддршка на употребата на правни и финансиски инструменти за наметнување или принудување на промена во однесувањето во однос на заштитеното подрачје.
Заштитените подрачја се фокусираа на објаснување на важноста на подрачјата и на зачувување на биолошката разновидност, како и економските вредности и придобивки. Комуникациската стратегија не е само еднонасочно пренесување на информации, со намера да се „изврши притисок“ или „ги убеди“ луѓето да постапуваат поволно кон заштитените подрачја. Комуницирањето има задача и да прибере информации кои ги споделуваат посетителите и од нив да извлече поука со цел подобрување во тековните работни обврски во управувањето со заштитеното подрачје и туристите.

Комуникациската стратегија го дефинира тимот кој ја спроведува стратегија, ги дефинира и вклучува фокус групите, засегнатите страни и локалните чинители и ја спроведува професионален тим кои освен што ја следи комуникацијата, е и дел од тимот кој што ги следи сите процеси и активности поврзани со туризмот во заштитените подрачја, влијанието кое туристите го имаат врз заштитените подрачја и состојбата со природните вредности на заштитеното подрачје.

Каналите за комуникација ги дефинира комуникациската стратегија и може да вклучиуваат: пишани и електронски медиуми, социјални медиуми, директна комуникација со тур оператори, директна комуниакција со партнески заштитнеи подрачја, вирални видеа и фотографии.